**З А П И С Н И К**
**од Сто и седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 3 октомври 2025 година**

**Скопје, октомври 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 3 октомври 2025 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 15:25 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство и д-р Калтрина Зеколи- Шаќири, заменик на министерот за транспорт.

На седницата учествуваше и м-р Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.351 Зрновска Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје

2. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.349 Блатечка Река на концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани

3. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.158 Кадина Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје

4. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.407 Пена од концесионерот ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ Скопје

5. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово

6. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.353 Зрновска Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје

7. Известување од извршител Зорица Симиќ од Скопје, доставено под И.бр.1673/2023 за Заклучок за втора усна јавна продажба, која ќе се одржи на 8 октомври 2025 година, за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.381, за КО Јастребник, на КП бр.2/2, викано место/улица „Пониква“ и Записник од прва усна јавна продажба

8. Прашања и предлози

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.351 Зрновска Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.351 Зрновска Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје до 12.1.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Еко тера ДОО Скопје дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во заклучокот 1, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.351 Зрновска Река.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, да побара од концесионерот Еко тера ДОО Скопје да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр.351 Зрновска Река, најмалку до 12.2.2026 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.349 Блатечка Река на концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.349 Блатечка Река на концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани до 7.3.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во заклучокот 1, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.349 Блатечка Река.

3. Се препорачува на Општина Виница, да постапи по Решението од Вишиот управен суд УП1 бр.03-230/5 од 17.10.2023 година, со кое жалбата на тужителот Општина Виница против Решението на Управниот суд У-3 бр.87/2023 од 8.3.2023 година, се одбива како неоснована и да му овозможи на концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани да врши градежни активности за изградба на малата хидроелектрична централа на локација бр.349 Блатечка Река.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.158 Кадина Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.158 Кадина Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје, до 18.2.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во име на концедентот, писмено да го извести концесионерот Еко тера ДОО Скопје дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа, како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.158 Кадина Река.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот Еко тера ДОО Скопје да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр.158 Кадина Река, најмалку до 18.3.2026 година.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.407 Пена од концесионерот ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на разумниот рок за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.407 Пена на концесионерот ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ Скопје, до 3.1.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ Скопје дека за локацијата бр.407 Пена, согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија, му се продолжува разумниот рок до 3.1.2026

година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ Скопје да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр. 407 Пена, најмалку до 3.2.2026 година.

**Точка 5**

Владата повторно ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр. 104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово до 7.10.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во име на концедентот, писмено да го извести концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр. 104 Габровска Река.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр. 104 Габровска Река најмалку до 7.11.2025 година.

**Точка 6**

Владата повторно ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.353 Зрновска Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.353 Зрновска Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје до 13.10.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во име на концедентот, писмено да го извести концесионерот Еко тера ДОО Скопје дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр. 353 Зрновска Река.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот Еко тера ДОО Скопје да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр.353 Зрновска Река, најмалку до 13.11.2025 година.

**Точка 7**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Зорица Симиќ од Скопје, доставено под И.бр.1673/2023 за Заклучок за втора усна јавна продажба, која ќе се одржи на 8 октомври 2025 година, за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.381, за КО Јастребник, на КП бр.2/2, викано место/улица „Поникваʺ и Записник од прва усна јавна продажба и го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**<u>Точка 8</u>**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:45 часот.